РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 03-1816/1
31.03.2017 год.
СКОПЈЕ

Прилог

**Годишен извештај за работа на координаторката и заменик-координаторот за еднакви можности за жените и мажите во органите на државната управа**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **Изработила (име, презиме и функција)** | Емилија Петреска - Камењарова, раководителка на Одделението за човекови права и медиумска писменост во Секторот за програмски работи<br>Сашо Богдановски, виш соработник во Одделението за човекови права и медиумска писменост во Секторот за програмски работи |
| **Период на известување** | 2016 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 31.03.2017г. |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум, 31.03.2017 година**

**Име и презиме: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

________________________

**Име и презиме** (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

**Потпис**

## 2. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**
- А) Позитивни
- Б) Охрабрувачки
- <u>(В) Програмски</u>

**2.2. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

- Согласно обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2012 година, Агенцијата изработува годишни анализи на застапеноста на родовите прашања и теми и на прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во телевизиските програми. Првата анализа беше спроведена врз примерок од вкупно 42 изданија на централните информативни програми (вести и дневници) емитувани во периодот меѓу 15 април и 15 мај 2016 година на: Првиот програмски сервис на Јавниот радиодифузен сервис МРТ1, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма. Примерокот за втората го сочинуваат 30 реклами кои, во периодот април-мај 2016, најчесто се повторуваа во ударното време на шесте телевизиски сервиси.

Анализата на вестите од 2016 година покажа дека:

- Продолжува трендот на ниска застапеност на родовите прашања и проблеми како и на непрепознавање на темите кои имаат/можат да бидат обработени од родов аспект. Од вкупно 876 анализирани прилози со траење од 21 час 16 минути и 13 секунди, само 2 се на родови теми (траат вкупно 5 минути и 7 секунди);
- Бројот на соговорнички (202) и натаму е далеку помал од оној на соговорниците (621);
- Полот на автор(к)ите на прилозите нема влијание врз свесноста за потребата да се известува за родовите прашања и врз застапеноста на соговорничките – 361 прилог биле подготвени од новинарки, додека 197 прилози од новинари;
- Продолжува трендот на употреба машки граматички род во претставувањето на професиите и функциите на жените професионално ангажирани во медиумите, и жените во улога на соговорнички во дневно-информативните изданија.

Анализата на рекламите во 2016 година, ги даде следниве показатели:

- Изедначеност во присуството на жени и мажи во својство на главни ликови во рекламните спотови со истовремено забележително присуство на девојчиња и момчиња во нив (како самостојни носители на содржината или како дополнување на семејната атмосфера и/или асоцирање на семејна, традиционална атмосфера);
- Во рекламите најзастапена возрасна група се жените на возраст од 31-45 години, потоа следуваат оние на возраст од 18-30 години. Мажите, исто така, најчесто се на возраст од 31-45 години, по што следуваат оние кои припаѓаат на категоријата повозрасни од 46 години. Ова наведува дека категоријата граѓан(к)и на возраст од 31-45 години е онаа за која се претпоставува дека е потенцијално најголем конзумент на производите/услугите;
- Жените го заземаат клучното место во рекламите што прикажуваат производи наменети исклучиво за жените, но и во оние кои прикажуваат производи што ги користат и останатите категории потрошувачи;
- Жените, без оглед дали се главни и/или споредни субјекти во рекламите, во повеќето случаи се носители на традиционални улоги и вредности: домаќинки, сопруги и мајки. Во некои реклами имаат неутрални улоги; во одделни реклами се претставени како декорација; забележани се реклами во кои тие го привлекуваат вниманието со својот физички изглед и се заводнички. Забележано е дека во одредени случаи се во деловен амбиент, со изразена посветеност на својот физички изглед, а во две реклами од анализираните, жените имаат афирмативна улога;
- Забележително е дека, и кога жените имаат неутрална улога во рекламните спотови, се случува содржината, нарацијата и приказната која го следи спотот, да има афирмативен однос кон родовата еднаквост;
- Традиционалното претставување на родовите улоги е најчесто при рекламирањето прехранбени продукти, средства за чистење на домот како и во рекламите кои се наменети за децата.

Во 2016 година, Агенцијата ја изработи и редовната Анализа на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2015 година. Наодите покажуваат дека:

- Во Јавниот радиодифузен сервис (МРТ) на 31.12.2015 година, вкупниот број вработени изнесувал 901 лице од кои 56,49% биле мажи, а 43,51% жени. Според работните места, во структурата на вработените во МРТВ, најбројни се лицата коишто биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар – вкупно 347 лица, со тоа што како реализаторски кадар во МРТ биле ангажирани три пати повеќе мажи отколку жени (264 мажи, наспроти 83 жени). Најголем број од жените - 52% биле новинарки и уреднички. Меѓу вработените во јавниот сервис, жените биле побројни од мажите кај новинарскиот кадар, уредниците и кај преостанатиот кадар, меѓутоа, на раководна функција била само една жена, наспроти четири мажи.

- На 31.12.2015 година, кај сите комерцијални телевизии заедно (на национално, регионално и локално ниво) биле ангажирани вкупно 1.723 лица, меѓу кои 35,46% биле новинари, а 30,59% реализаторски кадар (сниматели, монтажери, режисери и друго). Жените биле побројни само кај новинарите (328 жени наспроти 283 мажи) и кај преостанат кадар (117 жени и 95 мажи). Кај сите други работни места биле ангажирани повеќе мажи отколку жени, а оваа разлика е најзабележлива кај реализаторскиот кадар (464 мажи и само 63 жени). На управителски функции биле ангажирани речиси пет пати повеќе мажи отколку жени (50 мажи наспроти 11 жени).
- Кај сите комерцијални национални, регионални и локални радио станици заедно, на 31.12.2015 година, биле ангажирани вкупно 438 лица. Најголем дел (45%) од вработените кај комерцијалните радиостаници биле новинари. Од нив пак, најголемиот дел биле жени со завршено високо образование (40%). Од вкупно 48 уредници, 30 биле мажи. Само кај новинарскиот кадар и кај вработените за маркетинг биле побројни жените. Како реализаторски кадар биле ангажирани 24 мажи и само три жени, а како технички кадар 55 мажи и 17 жени. На управителска функција мажите биле безмалку два пати побројни (38 мажи наспроти 20 жени).

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

Ваквиот тип на индикатори (количина на стоки или услуги, опфатени жени и мажи) е неприменлив за анализи што ги изработуваме.

Резултатите од анализите за третманот на родовите прашања и за претставувањето и прикажувањето на жените и мажите беа јавно презентирани на четвртиот јавен состанок на Агенцијата (29 декември 2016), испратени до Собранието на РМ и Министерството за труд и социјална политика и објавени на веб страницата на регулаторното тело, во посебниот банер за родот и медиумите (http://avmu.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1090%3Arodot&catid=132%3A2013-11-05-21-48-32&lang=mk).

Освен ова, имајќи предвид дека посебниот банер на веб страницата на Агенцијата „Родот и медиумите“ е создаден за да се обезбедат материјали за вкупната јавност, но и соодветни алатки за воведување ефективен саморегулаторен механизам, во 2016 година, анализите и истражувањата изработени од 2012 година наваму беа преведени на албански и на англиски јазик и достапни се за јавноста на албански преку: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1090%3Arodot&catid=132%3A2013-11-05-21-48-32&lang=sq, односно на англиски преку: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1090:rodot&catid=132:2013-11-05-21-48-32&lang=en&Itemid=.

Кампањата против сексизмот во медиумите, која беше планирано да се реализира во втората половина од 2016 година, не можеше да биде спроведена поради тоа што во сила беше забраната од член 75-д став 4 Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16). Имено, за овој изборен процес, од 2 септември 2016 година, во сила беше забраната согласно која „радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања“. Нејзиното реализирање е поместено за 2017 година, и испланирани се средства во буџетот - за јавна набавка.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**

Нема напредок.

Анализите за третманот на родовите прашања и за претставувањето на жените и мажите од 2016 година испратени до Собранието на РМ и Министерството за труд и социјална политика и објавени на веб

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми и мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

страницата на регулаторното тело, во посебниот банер за Родот и медиумите (http://avmu.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1090%3Arodot&catid=132%3A2013-11-05-21-48-32&lang=mk).
Анализа на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2015 година, е доставена до МТСП и до Заводот за статистика на РМ и е достапна на http://www.avmu.mk/images/Struktura_na_vrabotenite_vo_audio_i_audiovizuelnata_mediumska_industrija_vo_2015_godina.pdf
Информација за презентирањето на резултатите од истражувањата на АВМУ има на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3091%3A-2016-&catid=171%3Anastani&Itemid=504&lang=mk
Истражувањата и информациите се достапни и на албански и на англиски јазик.

## 3. ПРЕЗЕМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**
Во Буџетот на Агенцијата за 2016 година беа предвидени доволно средства за реализирање на предвидените активности.
За истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година, Агенцијата времено вработи три лица – преку агенција за привремени вработувања избрана на јавна набавка. Истражувањата ги реализираа д-р Силвана Петревска, Марина Трајкова и м-р Теодора Ристовска во соработка со вработени во Секторот за програмски работи на Агенцијата. Од ставката во Буџетот предвидена за привремени вработувања, за резлизирањето на овие истражувања беше исплатен бруто износ од 125.526,00 денари.
За организирањето на четвртиот јавен состанок на АВМУ, кога беа промовирани резултатите од истражувањата, беа користени средства предвидени за таа намена, а за кампањата против сексизмот во медиумите требаше да се искористат дел од средствата предвидени за објавување во медиумите.
Во Агенцијата постојат координатор и заменик-координатор за воспоставување еднакви можности, кои своите активности и задачи ги извршуваат заедно со другите редовни работни обврски, за редовната месечна плата.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**
/

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)** /

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**
/

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**
**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
Агенцијата има вкупно 51 вработен од кои 28 жени и 23 мажи. Во прилог е доставен анкетен лист доставен до Заводот за статистика на РМ со родово разделени податоци за вработените во Агенцијата (во него е евидентирана една вработена помалку, бидејќи во тој момент една од вработените беше на подолго боледување).
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**
**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
Видете одговор под 2.3

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.**

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за родова еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**

Во 2016 година, согласно Националниот акциски план и оперативните планови за 2016 година, Агенцијата реализираше:

- Анализа на начинот на кој се третирани родовите прашања во вестите на националните телевизиски програмски сервиси (обврска согласно член 17 став 4 од Законот за еднакви можности на жените и мажите – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр. 201/15);
- Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во рекламите на националните телевизиски програмски сервиси (обврска од член 17 став 3 од истиот закон),
- Јавни дебати за стереотипите и предрасудите во медиумите и
- Кампања против сексизмот во медиумите.

Агенцијата, ја реализира и редовната активност (од 2010 година наваму) - секоја година собира и статистички податоци за половата структура на вработените во телевизиите и радијата, што се вклопува во барањето за собирање родово разделени статистички податоци од член 18 од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Со овие анализи, се обезбедија дополнителни алатки за родова сензитивизација на медиумските работници, но и за институциите и граѓаните. Нивното јавно претставување имаше за цел новинарите и уредниците посуштински да се запознаат со наодите, а ваква можност имаше и пошироката јавност бидејќи четвртиот јавен состанок на Агенцијата беше пренесуван во живо на Интернет (live streaming). Освен ова, важен чекор за дисеминацијата на сознанијата добиени од сите истражувања на родот и медиумите од 2012 година наваму, претставува и преведувањето на истражувањата на англиски и на албански јазик и фактот што сите три јазични верзии се достапни преку веб страницата на АВМУ. Што се однесува до средствата, тие сите потекнуваат од Буџетот на АВМУ за 2016 година, планирани/распределени по различни активности (објаснето во точка 3.1).

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**
Не.

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано? Дали тие во обуките се јавиле како:**

**(а) слушатели**
**б) обучувачи**

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн.) имаат посетено:**
**а) координатор за еднакви можности**
**б) заменик координатор за еднакви можности**

Координаторката и заменик-координаторот се назначени во 2016 година (односно направена е смена), и досега биле на обуката наведена под 5.3.

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете:** Не.

**5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**
/

**5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?** /

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

| |
|---|
| **6.1.Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале.**<br>/ |
| **6.2.Споделете пример за добра или лоша пракса** |
| **6.3. Наведете примери за научени лекции** |

## 7. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

**7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

Во 2017 година ќе се реализираат:
- Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите;
- Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање:
- Анализа на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор;
- Спроведување на кампањата за подигнување на свеста за сексистички содржини во медиумите.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 05-5478/1
08.11.2016 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
Државен завод за статистика

**Образец ТРУД.1**

Член 26 од Законот за државната статистика ("Службен весник на РМ" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15 и 27/16) и Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 ("Службен весник на Република Македонија" бо.20/13, 24/14, 13/15 и 7/16)

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕНИ И ПЛАТИ
## состојба октомври 2016 година

Податоците што се прибираат со овој образец претставуваат индивидуални податоци, заштитени со Законот за државната статистика и ќе се користат исклучиво за статистички цели

Реден број ____ (пополнува статистика)

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА КОЈА СЕ ПОПОЛНУВА ИЗВЕШТАЈОТ (ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ)**

Деловен субјект - назив: Агенција за аудио и аудиовизуелни мед. усл.
(единицата во состав (локалната единица) го впишува својот назив и полниот назив на субјектот во чиј состав е)

Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС): 5171440

Реден број на единицата во состав (локалната единица): ____

Општина: Центар    Населено место: Скопје

Улица: Македонија    Куќен број: 38

Телефон: 3103 400    Е-пошта: contact@avmu.mk

Дејност - според НКД Рев. 2: 84.13

| А | ВРАБОТЕНИ СПОРЕД КАДРОВСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА, РАБОТНИОТ ОДНОС, РАБОТНОТО ВРЕМЕ, СПОРЕД ВОЗРАСТА И СПОРЕД ОБРАЗОВАНИЕТО, ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА | | Вкупно | Жени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Број на вработени на крајот од претходниот месец | | | 27 |
| 2 | Вработени кои во текот на извештајниот месец засновале работен однос | | / | |
| 3 | Вработени на кои во текот на извештајниот месец им престанал работниот однос | | / | |
| 4 | Вработени според работниот однос 4+5=8 | на неопределено време | 50 | 27 |
| 5 | | на определено време | / | / |
| 6 | Вработени според работното време 6+7=8 | со полно работно време | 50 | 27 |
| 7 | | со скратено работно време | / | / |
| 8 | Број на вработени на крајот на извештајниот месец 8=(1+2)-3; 8=4+5; 8=6+7; 8=9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19; 8=20+21+22+23+24+25+26+27+28 | | 50 | 27 |
| 9 | Според возраст 9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19=8 | до 19 години | / | |
| 10 | | од 20 до 24 години | / | |
| 11 | | од 25 до 29 години | 5 | |
| 12 | | од 30 до 34 години | 9 | |
| 13 | | од 35 до 39 години | 8 | |
| 14 | | од 40 до 44 години | 13 | |
| 15 | | од 45 до 49 години | 9 | |
| 16 | | од 50 до 54 години | 4 | |
| 17 | | од 55 до 59 години | 1 | |
| 18 | | од 60 до 64 години | 1 | |
| 19 | | 65 и повеќе години | / | |
| 20 | Според образование 20+21+22+23+24+25+26+27+28=8 | без образование | / | |
| 21 | | незавршено основно образование | / | |
| 22 | | основно образование | / | |
| 23 | | 3 години средно образование | 2 | |
| 24 | | 4 години средно образование | 6 | |
| 25 | | више образование | 1 | |
| 26 | | високо образование | 23 | |
| 27 | | магистратура | 15 | |
| 28 | | докторат | 3 | |

| Б | ИСПЛАТЕНА БРУТО И НЕТО-ПЛАТА ВО ДЕНАРИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА (треба да содржат податоци за исплатените, а не пресметаните бруто и нето-плати) | Вкупно |
|---|---|---|
| 29 | Вкупно исплатен износ на бруто-плата | 3015907 |
| 30 | Вкупно исплатен износ на нето-плата | 2018237 |
| 31 | Вкупен број на исплатени вработени | 50 |

| В | ИСПЛАТА ПО ОСНОВ НА РАБОТНА И ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ ИЛИ ДРУГИ НАГРАДИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА (истите податоци треба да бидат вклучени во вкупниот износ на бруто и нето-платата-Табела Б) | Вкупно |
|---|---|---|
| 32 | Вкупно бруто-исплата по основ на работна и деловна успешност и други награди | / |
| 33 | Вкупно нето-исплата по основ на работна и деловна успешност и други награди | / |
| 34 | Вкупен број на исплатени вработени по основ на работна и деловна успешност и други награди | / |

| Г | ПЛАТЕНИ ЧАСОВИ НА ВРАБОТЕНИТЕ (пополнувањето е задолжително, доколку нема појава, внесете нули) | Вкупно |
|---|---|---|
| 35 | Вкупно платени часови (одработени и неодработени) | 8846 |
| 36 | Прекувремени платени часови | 574 |
| 37 | Платени, а неодработени часови за боледување до 30 дена | 128 |
| 38 | Платени, а неодработени часови за годишен одмор | / |
| 39 | Платени, а неодработени часови за државни празници и неработни денови | 800 |
| 40 | Други платени, но неодработени часови | / |

| Д | ВРАБОТЕНИ СПОРЕД ВИСИНАТА НА НЕТО-ПЛАТАТА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА | | |
|---|---|---|---|
| 41 | Вкупно (41=42+43+61) | | |
| 42 | Вработени со помалку од 160 платени часови работа | | 3 |
| 43 | Вкупно од ред 44 до ред 60 | | 47 |
| 44 | Вработени од 160 до 200 платени часови работа за октомври 2016 година | до 8000 ден. | / |
| 45 | | 8001 - 9000 | / |
| 46 | | 9001 - 10000 | / |
| 47 | | 10001 -12000 | / |
| 48 | | 12001 -14000 | / |
| 49 | | 14001 -16000 | / |
| 50 | | 16001 -18000 | / |
| 51 | | 18001 - 20000 | / |
| 52 | | 20001 - 22000 | / |
| 53 | | 22001 - 24000 | / |
| 54 | | 24001 - 26000 | 1 |
| 55 | | 26001 - 28000 | 3 |
| 56 | | 28001 - 30000 | 2 |
| 57 | | 30001 - 35000 | 10 |
| 58 | | 35001 - 40000 | 8 |
| 59 | | 40001 - 50000 | 16 |
| 60 | | од 50001 и повеќе | 7 |
| 61 | Вработени со повеќе од 200 платени часови работа | | / |

**Податокот за вкупниот број вработени, даден во табела Д, ред 41, мора да биде ист со податокот од табела Б, ред 31 во овој извештај.**

| Ѓ | ИСПЛАТЕНА НАЈНИСКА И НАЈВИСОКА НЕТО-ПЛАТА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА | Денари |
|---|---|---|
| 62 | Најниска нето-плата по вработен за октомври 2016 година | 25277 |
| 63 | Највисока нето-плата по вработен за октомври 2016 година | 99620 |

## Единици на набљудување

Извештај за вработени и плати доставуваат сите деловни субјекти од приватна и друга сопственост на територијата на Република Македонија. Извештај доставуваат и деловните субјекти во основање, како и деловните субјекти во ликвидација и стечај.

Извештајот се составува по организациско-територијален принцип, на ниво на општина. Доколку деловните субјекти имаат единици во состав надвор од општината на своето седиште, во извештајот не прикажуваат податоци за овие единици бидејќи тие се должни самостојно да доставуваат извештај на статистичкиот орган на територијата каде што се наоѓаат. Доколку ваквата единица не располага со потребните податоци, деловниот субјект во чиј состав се наоѓа е должен да ги обезбеди сите податоци потребни за доставување на овој извештај

| Потребно време за пополнување на извештајот, минути | 1 | 2 | 0 |
|---|---|---|---|

**Забелешка**

/

**ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦЕТО ОДГОВОРНО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ Труд.1**

Контакт - лице Ивана Никиќ

Телефон 02/3103-120

Е-пошта i.nikic@avmu.mk

Место Скопје

Дата 07.11.2016 г.

М.П.

Раководител на деловниот субјект за кој се пополнува извештајот

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВРАБОТЕНИ И ПЛАТИ, состојба: октомври 2016 година

**А. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД КАДРОВСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА, РАБОТНИОТ ОДНОС, РАБОТНОТО ВРЕМЕ, ВОЗРАСТА И ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА** - треба да биде пополнета со податоци што се однесуваат на вкупниот број вработени, вработени што имаат заснован работен однос, за оние вработени на кои во текот на извештајниот месец работниот однос им престанал, за вработени на неопределено или на определено работно време, без разлика на тоа дали работат полно или скратено работно време, возраста и школската подготовка на вработените. Во податоците се **вклучуваат** и приправниците. **Не се вклучуваат** надворешните соработници.

**Напомена: Ред 8 =(1+2)-3 според кадровската евиденција; 8=4+5 според работниот однос; 8=6+7 според работното време; 8=9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19 според возраста; 8=20+21+22+23+24+25+26+27+28 според школската подготовка.**

**Б. ИСПЛАТЕНА БРУТО И НЕТО-ПЛАТА ВО ДЕНАРИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА**

**Треба да содржи податоци за исплатените, а не пресметаните бруто и нето-плати.**

Вкупно исплатените бруто-плати (плата во вкупен износ) опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување и за професионално заболување.

**Вкупно исплатените нето-плати опфаќаат**: исплати на вработените за работа во полно, покусо од полното и подолго од полното работно време (прекувремена работа); надоместоци од средствата на деловниот субјект за годишен одмор, државни празници, платено отсуство до седум дена, платено отсуство за стручно образование, за боледување до 30 дена и сл.; разлики на име зголемување на стартната основа и вредноста на бодот; примања по периодична пресметка и завршна сметка и врз основа на распределба на добивка без оглед на тоа на кој период се однесуваат; примања на приправниците и примања врз основа на минат труд.

**Нето-платата** - не ги опфаќа исплатите на вработените од средствата за заедничка потрошувачка, исплатите кои ги товарат материјалните трошоци (дневници, и сл.), надоместоците за боледување подолго од 30 дена, како ни исплатите на лицата ангажирани преку агенциите за привремено вработување и по договор за дело и други надоместоци за кои не се плаќа персонален данок и придонеси.

**В. ИСПЛАТА ПО ОСНОВ НА РАБОТНА И ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ ИЛИ ДРУГИ НАГРАДИ** - претставува делот кој вработениот го добива како додаток на платата за успешност во работењето, по основ на деловна успешност на работодавачот или други награди за кои се плаќа персонален данок и придонеси. Овие износи се дел од исплатите во делот **Б.ИСПЛАТЕНА БРУТО И НЕТО-ПЛАТА ВО ДЕНАРИ, односно истите податоци треба да бидат вклучени во вкупниот износ на бруто и нето-платата-Табела Б.**

**Г. ПЛАТЕНИ ЧАСОВИ НА ВРАБОТЕНИТЕ** - ги вклучуваат платените одработени и неодработени работни часови на вработените со полно работно време и со скратено работно време.

**ПОТРЕБНО Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОЛИЊАТА ВО ДЕЛОТ Г, А ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ ПОДАТОЦИ СПОРЕД НАВЕДЕНОТО ПРАШАЊЕ, ВО ПОЛИЊАТА ВНЕСЕТЕ НУЛИ, НЕ ОСТАВАЈТЕ ПРАЗНИ ПОЛИЊА.**

**Прекувремени платени часови** може да бидат најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работа во смени. Прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.

**Часови кои се платени, а не се одработени** се часови за боледување до 30 дена, часови на годишен одмор, принуден одмор, празници и други видови отсуства од работа за кои се прима надомест од средствата на деловниот субјект.

**Напомена:** Доколку во месецот за кој се пополнува извештајот имало празници или неработни денови, определени според одредбите од Законот за изменување на Законот за празниците на РМ ("Службен весник на РМ" бр.21/1998 и бр.18/2007), мора да има податок во ред 19 Платени, а неодработени часови за државни празници и неработни денови, во спротивно, во забелешка да се наведе дека тие часови се одработени.

**ВО ДРУГИ ПЛАТЕНИ, А НЕОДРАБОТЕНИ ЧАСОВИ СПАЃААТ** слободните денови определени според колективен договор како што се платените отсуства до седум дена (отсуство за венчавање на вработеното лице, венчавање на децата, раѓање на деца, смрт на сопружникот или детето, смрт на брат, сестра, на родителите, селење на семејството од едно во друго населено место, селење на семејството во истото населено место, елементарни непогоди, воени вежби или повик од друг државен орган), стручно или општо школување, оспособување или усовршување.

**Д. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД ВИСИНАТА НА НЕТО-ПЛАТАТА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА.**

Вработени според висината на нето-платата - се прикажуваат податоци за бројот на вработени според распоните на исплатената нето-плата.

**Податокот за вкупниот број вработени во табела Д, ред 41, е збир на податоците од ред 42, ред 43 и ред 61. Податокот за вкупниот број вработени, даден во табела Д, ред 41, мора да биде ист со податокот од табела Б, ред 31, во овој извештај.**

Во редот 42 се прикажуваат вработените што во октомври имале помалку од 160 платени часови работа (тука спаѓаат: вработените што во текот на извештајниот месец се на боледување, вработените со скратено работно време, наставниците со помал фонд на часови и сл.). Во ред 43 се прикажува збирот на податоците од редовите од 44 до 60 од оваа табела. Во редовите од 44 до 60 се распоредуваат вработените што имале од 160 до 200 платени часови работа, вклучувајќи ги и часовите на работа подолго од целото работно време (прекувремена работа) како и неизвршените, а платени часови. Овие вработени се прикажуваат според нето-платите остварени во извештајниот месец. Вработените на работни задачи на кои заради посебните услови работат со пократко работно време (рендгенолози, персонал за летање и др.), исто така, се распоредуваат во редовите од 44 до 60 зашто се смета дека работат со цел фонд на часови. Наставниот кадар чие време на одржување на настава трае помалку, се распоредуваат во редовите од 44 до 60 зашто и ова работно време се смета за цело работно време.

Во редот 61 од оваа табела збирно се прикажуваат вработените што имале повеќе од 200 платени часови работа.

**Ѓ. ИСПЛАТЕНА НАЈНИСКА И НАЈВИСОКА НЕТО-ПЛАТА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2016 ГОДИНА**

Најниска и највисока нето-плата - се земаат предвид вработените со платени часови работа од 160 до 200 часа за месец октомври 2016 година (податокот за најниска и највисока нето-плата треба да одговара на распоните од Табела Д, редовите од 44 до 60, во зависност од тоа која е најниската и највисоката нето-плата).